Уп. бр.08-138

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од г. Штефан Пирер, со адреса на живеење Роитхенштрасе 89, 4600 Велс Австрија и индиректен сопственик на Пирер Индустрие АГ, Дистрибуција & Маркетинг ГмбХ со регистрирано седиште на Нонnталер Хауптштрасе 36, 5020 Салцбург Австрија и Рајфајзен Бетајлигунгсхолдинг ГмбХ со регистрирано седиште на Еуропаплац 1а, 4020 Линц, Австрија, преку адвокат Љупка Новеска Андонова од Скопје, на седницата одржана на ден 30.10.2024 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

Се утврдува дека концентрацијата со која г. Штефан Пирер, со адреса на живеење Роитхенштрасе 89, 4600 Велс Австрија и индиректен сопственик на Пирер Индустрие АГ, Дистрибуција & Маркетинг ГмбХ со регистрирано седиште на Нонnталер Хауптштрасе 36, 5020 Салцбург Австрија и Рајфајзен Бетајлигунгсхолдинг ГмбХ со регистрирано седиште на Еуропаплац 1а, 4020 Линц, Австрија стекнуваат индиректна заедничка контрола над Розенбауер Интернационал АГ со регистрирано седиште на Пашингер Штрасе 90, 4060 Леондинг, Австрија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 03.10.2024 година а дополнето на 07.10.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во

понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на г. Штефан Пирер, со адреса на живеење Роитхенштрасе 89, 4600 Велс Австрија и индиректен сопственик на Пирер Индустрие АГ, Дистрибуција & Маркетинг ГмбХ со регистрирано седиште на Ноннталер Хауптштрасе 36, 5020 Салцбург Австрија и Рајфајзен Бетајлигунгсхолдинг ГмбХ со регистрирано седиште на Еуропаплац 1а, 4020 Линц, Австрија, со која г. Штефан Пирер, со адреса на живеење Роитхенштрасе 89, 4600 Велс Австрија и индиректен сопственик на Пирер Индустрие АГ, Дистрибуција & Маркетинг ГмбХ Австрија и Рајфајзен Бетајлигунгсхолдинг ГмбХ Австрија стекнуваат индиректна заедничка контрола над Розенбауер Интернационал АГ со регистрирано седиште на Пашингер Штрасе 90, 4060 Леондинг, Австрија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

Г. Штефан Пирер е индиректен краен сопственик на Пирер Индустрие АГ, глобална инвестициска групација активна во производство и дистрибуција на мотоцикли, електрични велосипеди и други моторни возила на две тркала.

Г. Пирер индиректно има самостојна контрола над ЛЕОНИ, глобален снабдувач на производи, решенија и услуги за управување со енергија и податоци во автомобилската индустрија.

Пирер нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија, но има остварено приходи во 2023 година преку обезбедување на автомобилски кабелски решенија од Леони и преку продажба на мотоцикли на Пирер.

Дистрибуција & Маркетинг ГмбХ е владејачко друштво на ММБЕТ, кој заедно со сите свои поврзани друштва ја сочинува Матешитц Групацијата. ММБЕТ поседува удели во друштва во различни сектори. Главниот деловен потфат на владејачкото друштво на Групацијата, Дистрибуција & Маркетинг ГмбХ, покрај својата холдинг функција, управува и со имот и средства.

Матешитц Групацијата нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија и не било активно во Северна Македонија во 2023 година.
Рајфајзен Бетајлигунгсхолдинг ГмбХ поседува стратешки инвестиции во банкарскиот и финансискиот сектор, во даватели на услуги поврзани со банкарство, во секторот за недвижности и претпријатија во индустрискиот и прехранбениот сектор.

Рајфајзен Бетајлигунгсхолдинг ГмбХ нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија и не било активно Северна Македонија во 2023 година.

Розенбауер Интернационал АГ е владејачко друштво на Розенбауер Групацијата која што развива, произведува и продава возила, технологија и опрема за гаснење, а во помала мера, и дигитални решенија за управување на своите производи за професионални, индиустриски, фабрички и волонтерски противпожарни единици, како и системи за превентивна противпожарна заштита. Моментално, Розенбауер Интернационал АГ е под самостојна контрола на основачките семејства од Розенбауер Групацијата.

Розенбауер Интернационал АГ нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија, но било активно во 2023 година со продажба на противпожарна опрема и компоненти.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**